**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1003-162/7**

**Скопје, 12.08.2009 година**

**До**
**Основен суд Гевгелија – Гевгелија**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Гевгелија - Гевгелија - депозитна сметка (во понатамошниот текст Основен суд) за 2008 година кои се прикажани на страните од 3 до 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија, и е издаден извештај за финансиските извештаи на Основен суд Гевгелија - Гевгелија за 2004 година.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај, се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:
   - Марица Аврамчева Зафирова - Претседател на Основен суд Гевгелија од 22.02.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Извештај, прикажан на страните 1 до 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 01.07.2009 година до 03.07.2009 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   -дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

**10.1. Неправилна примена на акти:**

10.1.1. Основниот суд и покрај воспоставената евиденција во делот на материјално финансиското работење со вонбуџетските средства како привремен и редовен депозит на депозитната сметка, нема изработено прилог Преглед на судските депозити, кон завршната сметка, што не е во согласност со член 345 од Судскиот деловник.
Ваквата состојба придонесува намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите.

**Препорака:**
Одговорниот сметководител да изработи Прегледот на судски депозити, согласно Судскиот Деловник и да е составен дел на завршната сметка.

11. Според наше мислење освен за изнесеното во точката 10.1, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Основен суд Гевгелија - Гевгелија – депозитна сметка на 31 Декември 2008 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Основен суд Гевгелија - Гевгелија - депозитна сметка, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

**Овластен Државен Ревизор**

Скопје, 10.08.2009 година

**Основен суд Гевгелија - Гевгелија**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година**

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2008** | **2007** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 2,019 | 5,327 |
| Трансфери и донации | 9,113 | 14,756 |
| **Вкупно приходи** | **11,132** | **20,083** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Субвенции и трансфери | 4,131 | 10,969 |
| **Вкупно тековни расходи** | **4,131** | **10,969** |
| **Вкупно расходи** | **4,131** | **10,969** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **7,001** | **9,114** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **7,001** | **9,114** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*

*Овластен Државен ревизор*

----------------------------

**Основен суд Гевгелија - Гевгелија**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 7,001 | 9,114 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 7,001 | 9,114 |
| **Вкупно тековни средства** | **14,002** | **18,228** |
| **Вкупна актива** | **14,002** | **18,228** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Примени аванси, депозити и кауции | 7,001 | 9,114 |
| Пасивни временски разграничувања | 7,001 | 9,114 |
| **Вкупно тековни обврски** | **14,002** | **18,228** |
| **Вкупна пасива** | **14,002** | **18,228** |